ЛСВ
ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО
ОПШТИНА БИТОЛА

Бр.40-145/7
08.11.2023 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 08.11.2023 (среда) со почеток во 12:00 ч. Во просториите на МКЦ-Битола

На седницата беа присутни 6 членови на ЛСВ (прилог список за присуство)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од третата седница одржана на ден 25.10.2023
2. Апликации по јавниот повик за поддршка на волонтерски акции од општина Битола
3. Активности по повод 5 декември Меѓународен ден на волонтерите
4. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од третата седница од 25.10.2023 година беше усвоен со 6 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски презентираше дека Јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи) е завршен и за истиот има доставено 18 апликации. Според доставениот прелиминарен извештај од општинската администрација, според критериумите на повикот дел од апликациите не ги исполнуваат условите, кај поголемиот дел од апликациите е забележано отсуство на меморандуми за соработка со училиштата или немање дозвола за користење на јавен простор/урбана опрема.

Претседателот на ЛСВ потсети на одлуката од претходниот состанок член на ЛСВ да не гласа за апликација во која има конфликт на интерес. Сите членови на ЛСВ извршија поединечно оценување на апликациите на претходно подготвена писмена форма.

Апликации кои ги исполнуваат критериумите и добија доволен број на бодови беа вкупно шест, и тие се:

- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола (вкупно 92 бода)
- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола (87,5 бодови)
- Младински културен центар – Битола (100 бодови)

- Здружение за развој на граѓанското општество, демократија, човекови права, владеење на правото и поттикнување на едукативниот, културниот, економскиот развој ЕВРОПСКИ РАЗВОЕН ИНСТИТУТ-ЕРИ Битола (96 бодови)
- Здружение за млади ШИРОК СОКАК МЕДИА Битола (90 бода)
- ИМКА (93,33 бодови)

ЛСВ препорачува на соодветната Комисија во општина Битола да ги поддржи овие 6 апликации.

Бидејќи фондот е 100.000 денари, ако на овие шест апликанти им се додели сумата од 15.000 денари, ќе останат средства и за други апликанти. Членовите на ЛСВ едногласно дадоа препорака за две апликации кои беа најквалитетни:

- ЗУР Македонски ракотворби
- Здружение за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

Беше даден предлог од членовите, комисијата од општина да ги извести апликантите кои се одбиени и да им ја наведе причината зошто се одбиени за во иднина да внимаваат на документацијата при аплицирање.

Беше нагласено дека сумата за поддршка е симболична (најмногу до 15.000 денари) и дека треба да се зголеми за 2024 година, на 20.000 денари. Исто така донесена е одлука ЛСВ да се обрати до општина Битола со предлог вкупната сума за поддршка од 100.000 денари за повикот да се зголеми во 2024 година, т.е да изнесува 300.000 денари поради големиот интерес за поддршка на волонтерски акции.

Во однос на **третата точка** членовите на ЛСВ дискутираа кои активности ќе се организираат за 5 декември Меѓународниот ден на волонтерите. Претседателот на ЛСВ предложи а членовите едногласно прифатија на 10.11.2023 година да се објави јавен повик за локални волонтерски награди. Повикот би траел 14 дена и да се прошири веста за номинации преку контактите на членовите на ЛСВ.

Во однос на **четвртата точка** Претседателот на ЛСВ Златко Талевски нагласи дека ЛСВ има можност да држи и онлајн седници и дека во наредниот период ќе се искористи и таа можност за полесна и побрза комуникација.

| | |
|---|---|
| Записничар: | Претседател на ЛСВ: |
| Наталија Стојковска | Златко Талевски |